# СЛУЖБЕН ВЕСНИК

## на Република Северна Македонија

**Број 59** **12 март 2024, вторник** **година LXXX**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**


**СОДРЖИНА**


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 1396. | **Одлука** за формирање на Управен комитет за спроведување на поддршката на Република Северна Македонија како земја домаќин............... | 2 |
| 1397. | **Одлука** за изменување на Одлуката за формирање на Национален комитет за Програмата на УНЕСКО „Човек и биосфера“......................... | 4 |
| 1398. | **Одлука** за изменување на Одлуката за отворање на Почесен конзулат на Република Северна Македонија во Република Австрија, со седиште во Швехат.................................... | 5 |
| 1399. | **Исправка** на Одлуката за давање на трајно користење на недвижна ствар на Здружението на граѓани Анима - Центар за личен развој, едукација и психотерапија – Скопје................. | 5 |
| 1400. | **Решение** на Уставниот суд на Република Северна Македонија, У.бр.14/2024 од 21 февруари 2024 година........................... | 5 |
| 1401. | **Решение** на Уставниот суд на Република Северна Македонија, У. бр. 38/2024 од 14 февруари 2024 година...................... | 7 |
| 1402. | **Решение** на Уставниот суд на Република Северна Македонија, У. бр. 49/2024 од 21 февруари 2024 година...................... | 8 |
| 1403. | **Решение** на Уставниот суд на Република Северна Македонија, У. бр. 52/2022 од 21 февруари 2024 година..................... | 10 |
| 1404. | **Решение** на Уставниот суд на Република Северна Македонија, У. бр. 54/2024 од 14 февруари 2024 година..................... | 11 |
| 1405. | **Решение** на Уставниот суд на Република Северна Македонија, У. бр. 66/2024 од 21 февруари 2024 година...................... | 12 |
| 1406. | **Решение** на Уставниот суд на Република Северна Македонија, У. бр. 70/2024 од 21 февруари 2024 година...................... | 13 |
| 1407. | **Издвоено мислење** од Уставниот суд на Република Северна Македонија по предметот У. бр. 52/2022 од 21 февруари 2024 година............................................................ | 15 |
| 1408. | **Годишна наредба** за здравствена заштита на животните во 2024 година...... | 17 |
| 1409. | **Одлука** за одземање на дозволата за радиоемитување на Трговското радиодифузно друштво РАДИО АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ Илија Таневски Кичево ДООЕЛ................. | 40 |
| 1410. | **Решение** од Управа за семе и саден материјал................................ | 43 |
| | **Огласен дел**......................................... | 1-84 |

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**1396.**

Врз основа на член 36 став (3) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 5 март 2024 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ФОРМИРАЊЕ НА УПРАВЕН КОМИТЕТ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОДДРШКАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА КАКО ЗЕМЈА – ДОМАЌИН

Член 1

Со оваа одлука се формира Управен комитет за спроведување на поддршката од земја - домаќин (во натамошниот текст: Управен комитет), која државните органи и други институции вклучувајќи ја и Армијата на Република Северна Македонија, ја пружаат на сојузничките вооружени сили и организации кои престојуваат, изведуваат операции или транзитираат низ територијата на Република Северна Македонија кога е земја - домаќин (во натамошниот текст: систем за поддршка од земја -домаќин).

Член 2

Управниот комитет во спроведување на поддршката од земја - домаќин, ги врши следните работи, и тоа:

- планирање, организирање и следење на системот за поддршка од земја -домаќин;
- разгледување и предлагање на соодветно изменување и дополнување на правни прописи за унапредување на системот за поддршка од земја -домаќин;
- утврдување на План за развој на капацитети за поддршка од земја - домаќин и доставување до Владата на Република Северна Македонија на усвојување;
- утврдување на Динамичен план за активности на Управниот комитет за спроведување на поддршката од земја домаќин и Координативното тело за поддршка од земја домаќин;
- воспоставување процедури за планирање, координација, организирање, извршување и следење на системот за поддршка од земја домаќин;
- следење на реализацијата на усвоениот План за развој на капацитети за поддршка од земја домаќин и
- разгледување и давање на мислења на Владата на Република Северна Македонија во врска со склучување на меморандуми за соработка, технички аранжмани и други договори кои се однесуваат на поддршката од земја - домаќин, како и уредување на односите помеѓу земјата - домаќин и земјата -испраќач.

Член 3

Управниот комитет е составен од претседател и 16 члена, и тоа:

- министерот за одбрана – претседател,
- министерот за внатрешни работи – член,
- министерот за правда – член,
- министерот за надворешни работи – член,
- министерот за финансии - член,
- министерот за здравство – член,
- министерот за транспорт и врски - член,
- министерот за економија - член,
- министерот за труд и социјална политика - член,
- министерот за животна средина и просторно планирање - член,
- директорот на Агенцијата за цивилно воздухопловство - член,
- директорот на Агенцијата за електронски комуникации - член,
- директорот на Управата за заштита на културното наследство - член,
- директорот на Царинската управа - член,
- директорот на Дирекцијата за заштита и спасување - член,
- директорот на Центарот за управување со кризи – член и
- директорот на Јавното претпријатие за државни патишта – член.

Во работата на Управниот комитет, по потреба, може да учествуваат претставници и на други државни органи и институции.

Член 4

Со Управниот комитет претседава министерот за одбрана, а при негова спреченост или отсуство, еден од министрите од редот на членовите на Управниот комитет што тој ќе го определи.

Управниот комитет има секретар кој ги извршува стручно - административните работи и кој се определува од редот на вработените во Министерството за одбрана.

Член 5

Управниот комитет одржува координативни состаноци два пати годишно во месеците, март и октомври, а по потреба и почесто.

Управниот комитет доставува годишен извештај за подготвеноста на националните капацитети за поддршка од земја - домаќин до Владата на Република Северна Македонија, најдоцна до 31 декември во тековната година.

Член 6

Административно – техничката поддршка за спроведување на активностите на Управниот комитет ја врши Координативно тело.

Координативното тело е составено од по еден претставник од:

- Министерството за одбрана,
- Министерството внатрешни работи,
- Министерството за правда,
- Министерството за надворешни работи,
- Министерството за финансии,
- Министерството за здравство,
- Министерството за транспорт и врски,
- Министерството за економија,
- Министерството за труд и социјална политика,
- Министерството за животна средина и просторно планирање,
- Агенцијата за цивилно воздухопловство,
- Агенцијата за електронски комуникации,
- Министерството за култура - Управа за заштита на културното наследство, Министерството за финансии - Царинска управа,
- Дирекцијата за заштита и спасување,
- Центарот за управување со кризи и
- Јавното претпријатие за државни патишта.

Координативното тело ги врши следните задачи:

- изготвување на материјали за соодветно изменување и дополнување на правни прописи за унапредување на системот за поддршка од земја -домаќин;
- изготвување и предлагање на Управниот комитет процедури за планирање, координација, организирање, извршување и следење на системот за поддршка од земја – домаќин;

- изготвување и доставување на План за развој на капацитети за поддршка од земја - домаќин до Управниот комитет;

- изготвување на мислења за Управниот комитет во врска со склучување на договори за поддршка од земјата - домаќин и меѓународни документи за уредување на односите на земјата - домаќин и земјата - испраќач;

- следење на оперативни активности за реализацијата на Планот за развој на капацитети за поддршка од земја - домаќин и

- изготвување на Динамичен план за активности на Управниот комитет за спроведување на поддршката од земја - домаќин и Координативното тело за поддршка од земја - домаќин.

Член 7

Со работата на Координативното тело претседава претставникот од Министерството за одбрана.

Член 8

Координативното тело се состанува четири пати годишно, во месеците февруари, мај, септември и декември, а по потреба и почесто.

За својата работа Координативното тело доставува извештаи до Управниот комитет, за преземените мерки и состојбата со поддршката од земја - домаќин, најмалку четири пати во текот на годината.

Член 9

За својата работа и за работата на Координативното тело, Управниот комитет донесува деловник за работа.

Член 10

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 41-118/11 | Претседател на Владата |
| 5 март 2024 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | м-р **Талат Џафери/Talat Xhaferi,** с.р. |

___

Në bazë të nenit 36 paragrafi (3) të Ligjit të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” nr. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 dhe 140/18 dhe “Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut” nr. 98/19), Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut, në seancën e mbajtur më 5 mars 2024, solli

**V E N D I M**
**PËR FORMIMIN E KOMITETIT DREJTUES PËR ZBATIMIN E MBËSHTETJES SË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT SI VEND NIKOQIR**

Neni 1

Me këtë vendim formohet Komitetit Drejtues për zbatimin e mbështetjes nga vendi nikoqir (në tekstin e mëtejmë: Komiteti Drejtues), të cilin organet shtetërore dhe institucionet e tjera, përfshirë edhe Armatën e Republikës së Maqedonisë së Veriut, ua japin forcave dhe organizatave të armatosura aleate që banojnë, realizojnë operacione ose kalojnë transit nëpër territorin e Republikës së Maqedonisë së Veriut kur është vendi – nikoqir (në tekstin e mëtejmë: sistemi për mbështetje të vendit – nikoqir).

Neni 2

Komitetit Drejtues për zbatimin e mbështetjes nga vendi – nikoqir, kryen këto punë, përkatësisht:

- planifikimin, organizimin dhe ndjekjen e sistemit mbështetës nga vendi - nikoqir;

- shqyrtimin dhe propozimin e ndryshimeve dhe plotësimeve përkatëse në rregulloret ligjore për avancimin e sistemit mbështetës nga vendi - nikoqir;

- përcaktimin e Planit për zhvillimin e kapaciteteve për mbështetje nga vendi - nikoqir dhe dorëzimin deri te Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut për miratim;

- përcaktimin e Planit dinamik për aktivitetet e Komitetit Drejtues për zbatimin e mbështetjes nga vendi - nikoqir dhe Trupit Koordinues për mbështetjen nga vendi - nikoqir;

- vendosjen e procedurave për planifikimin, koordinimin, organizimin, realizimin dhe ndjekjen e sistemit për mbështetje nga vendi - nikoqir;

- ndjekjen e realizimit të Planit të miratuar për zhvillimin e kapaciteteve për mbështetje nga vendi - nikoqir dhe

- shqyrtimi dhe dhënia e mendimeve të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut në lidhje me lidhjen e memorandumeve për bashkëpunim, përgatitjeve teknike dhe marrëveshjeve tjera që i referohen mbështetjes nga vendi-nikoqir, si dhe rregullim i marrëdhënieve ndërmjet vendit-nikoqir dhe vendit- dërgues.

Neni 3

Komiteti drejtues përbëhet nga kryetari dhe 16 anëtarë, përkatësisht:

- ministri i Mbrojtjes – kryetar,
- ministri i Punëve të Brendshme - anëtar,
- ministri i Drejtësisë - anëtar,
- ministri i Punëve të Jashtme - anëtar,
- ministri Financave - anëtar,
- ministri i Shëndetësisë - anëtar,
- ministri i Transportit dhe Lidhjeve - anëtar,
- ministri i Ekonomisë - anëtar,
- ministri i Punës dhe Politikës Sociale – anëtar,
- ministrit të Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor - anëtar,
- drejtori i Agjencisë së Aviacionit Civil - anëtar,
- drejtori i Agjencisë së Komunikimeve Elektronike - anëtar,
- drejtori i Drejtorisë për Mbrojtjen e Trashëgimisë Kulturore - anëtar,
- drejtori i Drejtorisë Doganore - anëtar,
- drejtori i Drejtorisë për Mbrojtje dhe Shpëtim -anëtar,
- Drejtori i Qendrës për Menaxhim me Kriza - anëtar dhe
- Drejtori i Ndërmarrjes Publike për Rrugë Shtetërore - anëtar.

Në punën e Komitetit Drejtues, sipas nevojës, mund të marrin pjesë përfaqësues edhe të organeve dhe institucioneve tjera shtetërore.

Neni 4

Me Komitetin Drejtues kryeson ministri i Mbrojtjes, ndërsa në rast të pengesës ose mungesës së tij një prej ministrave nga radhët e anëtarëve të Komitetit Drejtues që ai do të përcaktojë.

Komiteti Drejtues ka sekretar që i kryen punët profesionale-administrative dhe që përcaktohet nga radhët e të punësuarve në Ministrinë e Mbrojtjes.

Neni 5

Komiteti Drejtues mban mbledhje koordinuese dy herë në vit në muajt mars dhe tetor, dhe sipas nevojës edhe më shpesh.

Komiteti Drejtues dorëzon raport vjetor për gatishmërinë e kapaciteteve nacionale për mbështetje nga vendi - nikoqir deri te Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut, më së voni deri 31 dhjetor të vitit aktual.

Neni 6

Mbështetjen administrative - teknike për realizimin e aktiviteteve të Komitetit Drejtues e kryen Trupi Koordinues.

Trupi koordinues përbëhet prej një përfaqësues nga:

- Ministria e Mbrojtjes,
- Ministria e Punëve të Brendshme,
- Ministria e Drejtësisë,
- Ministria e Punëve të Jashtme,
- Ministria e Financave,
- Ministria e Shëndetësisë.
- Ministria e Transportit dhe Lidhjeve
- Ministria e Ekonomisë,
- Ministria e Punës dhe Politikës Sociale,
- Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor,
- Agjencia e Aviacionit Civil
- Agjencia e Komunikimit Elektronik
- Ministria e Kulturës- Drejtoria për Mbrojtjen e Trashëgimisë Kulturore, Ministria e Financave- Drejtoria e Doganave
- Drejtoria për Mbrojtje dhe Shpëtim
- Qendra për Menaxhim me Kriza
- Ndërmarrja Publike për Rrugë Shtetërore

Trupi koordinues i kryen këto detyra:

- përgatitja e materialeve për ndryshime dhe plotësime adekuate në rregulloret juridike për avancimin e sistemit mbështetës nga vendi- nikoqir;
- përgatitje dhe propozim i Komitetit Drejtues për procedurat për planifikimin, koordinimin, organizimin, zbatimin dhe monitorimin e sistemit mbështetës nga vendi nikoqir;
- përgatitja dhe dorëzimi i Planit për zhvillim të kapaciteteve për mbështetje nga vendi-nikoqir në Komitetin Drejtues;
- përgatitja e mendimeve për Komitetin Drejtues në lidhje me lidhjen e marrëveshjeve për mbështetje nga vendi-nikoqir dhe dokumenteve ndërkombëtare për rregullimin e marrëdhënieve të vendit –nikoqir dhe vendit-dërgues;
- monitorimi i aktiviteteve operative për realizimin e Planit për zhvillim të kapaciteteve për mbështetje nga vendi-nikoqir dhe
- përgatitja e Planit dinamik për aktivitetet të Komitetit Drejtues për zbatimin e mbështetjes nga vendi-nikoqir dhe Trupi koordinues për mbështetjen nga vendi-nikoqir.

Neni 7

Me punën e Trupit koordinues kryeson përfaqësuesi i Ministrisë së Mbrojtjes.

Neni 8

Trupi koordinues mblidhet katër herë në vit, në muajt shkurt, maj, shtator dhe dhjetor, dhe më shpesh nëse është e nevojshme.

Trupi koordinues për punën e tij dorëzon raport deri te Komiteti Drejtues, për masat e ndërmarra dhe gjendjen me mbështetjen nga vendi-nikoqir, së paku katër herë gjatë vitit.

Neni 9

Për punën e tij dhe për punën e Trupit koordinues, Komiteti Drejtues sjell rregullore të punës

Neni 10

Ky vendim hyn në fuqi me ditën e publikimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut".

| | |
|---|---|
| Nr. 41-118/11 | Kryetar i Qeverisë së |
| 5 mars 2024 | Republikës së Maqedonisë së Veriut, |
| Shkup | Mr. **Talat Xhaferi,** d.v. |